**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АНАТОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-220/18 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за насловно звање насловен доцент за област анатомија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави:

д-р Габриела Димова, спец.радиолог, доктор на медицински науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Габриела Димова (р.Ефтимова) е родена на 15 декември 1984 година во Штип.

Основно и средно (стручно-медицинско) образование завршува во родното место со континуиран одличен успех. Понатамошното образование го продолжува на Медицинскиот факултет при Медицински универзитет „Проф. д-р Параскев Стојанов“ во Варна, Р Бугарија, каде што дипломира во 2010 година и се стекнува со академски назив доктор на медицина со просечен успех 9,19. Образованието го продолжува во 2013 година како специјализант на радиологија при Клинички центар Скопје, Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, кој го завршува во октомври 2017 година и се стекнува со звање специјалист радиолог.

Од октомври 2011 година до јуни 2012 година е ангажирана како соработник-волонтер кој активно партиципира во наставната работа на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Од септември 2012 година работи како доктор на медицина во Клиничка болница - Штип, а од 2017 година како доктор специјалист радиолог на Одделот за радиодијагностика при Клиничка болница - Штип. Од 2025 година е началник на Одделот за радиодијагностика при Клиничка болница - Штип. Образованието го продолжува во студиската 2022/2023 година како докторанд на студиските програми од трет циклус на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. На 22.5.2025 година со одбрана на докторската дисертација со наслов *„Прогностички фактори на хепатални метастази следени преку компјутерска томографија и ултразвук како компаративни методи“*, под менторство на проф. д-р Антонио Глигориевски, се стекнува со звање доктор на медицински науки.

Континуираниот професионален развој на кандидатката д-р Габриела Димова се одвива од научен и апликативен аспект низ учества на научно-

стручни конференции од меѓународен карактер во земјава и во странство, посета на тренинг-курсеви, работилници и семинари, како:

- 29-30 мај 2017 година учествува и успешно го завршува тренинг семинарот *Capacity building Programme for Young Medical Specialists* во рамките на проектот "Integration of European healthcare standards and innovations on the way for development of cross-border health cluster" Ref:CB006.1.31.017, Interreg-IPA CBC,CCI2014TC1615CB006 во Благоевград, Бугарија;
- 18-21 септември 2019 година во Белград, Србија, го завршува курсот „*Teaching Course in Mammography – Detection and Diagnosis of Breast Diseases Using the Multimodality Approach Course*"from Laszlo Tabar, M.D., FACR (Hon), Professor emeritus, September 18-21, 2019 Belgrade;
- Д-р Габриела Димова активно учествува на стручниот состанок организиран од Македонската асоцијација на радиолози на тема „Ургентни состојби во радиологијата - приказ на случаи од секојдневната пракса", Скопје, 24.2.2023 г., кој е акредитиран од Лекарската комора на РСМ со 6 бода;
- 8.5.2023-12.5.2023 г. успешно го завршува курсот *„Колор доплер крвних судова екстремитета"*, организиран од Поликлиника „Antamedica" во Белград, Србија;
- Во периодот 1.7.2024-31.7.2024 г., д-р Габриела Димова активно учествува во апликативната работа во клиниката „МБАЛ - Уни хоспитал" ООД гр. Панаѓуриште, округ Софија, Бугарија.

**Општи услови за избор:**

- Остварен просечен успех, 9,19 од прв циклус студии;
- Д-р Габриела Димова докторските студии ги завршува успешно со одбрана на докторската дисертација под наслов „Прогностички фактори на хепатални метастази следени преку компјутерска томографија и ултразвук како компаративни методи" на 22.5.2025 година на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, и се стекнува со звање доктор на медицински науки;
- Во октомври 2017 година го положува специјалистичкиот испит по радиологија на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", и се стекнува со звање специјалист радиолог.
- Објавени научни трудови во референтна научна публикација

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Z.Sh.Markovska, I.R.Bushljetikj, V.Ristovska, L.Trajceska, Z. Janevski, N.Gjorgievski, J.Usprcov, A.C.Tanevska, **Gabriela Dimova** and G.Spasovski | Enterorrhagia presented in patient with granulomatosis and poliangitis - a case report | BANTAO Journal 2022; 20(1): 24-26. достапно на https://www.bantaojournal.com/_files/ugd/356e34_48860692f7f441479d62fa1024e30606.pdf | 2022 |
| 2 | Z.Sh. Markovska, I.R.Bushljetikj, G.Severova, L.Trajceska, I.Nikolov, V.Karanfilovski, J.Usprcov, S.Filipovski, A.C.Taleska, **Gabriela Dimova**, N.Gjorgjievski G. Spasovski, | Association of autosomal dominant polycystic kidney disease and abdominal aortic aneurysm - A Case Report | BANTAO Journal 2023; 21(1): 23-27 https://www. bantaojournal. com/_files/ ugd/ 356e34_48860692f7f441479d62fa1024e30606 pdf | 2023 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | **Gabriela Dimova**, M. K.Ilova, A.Gligorievski, S.Ivanovski | Do we really need triple phase computed tomography to detect and follow-up liver metastases of git(gastrointestinal tract) origin?, | *International Medical Journal Medicus 2024, Vol. 29 (3):* 274-280, https://imjm.mk/medicus-xxix-3-2024/ | 2024 |
| 4 | **Gabriela Dimova**, A. Gligorievski, M. K.Ilova. | US or CT when it Comes to Monitoring Hepatic Metastases in Patients with Primary GIT and Breast Cancer? Comparative Results of Sensitivity and Specificity of CT and US | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), Vol. 76 No. 1 (2025), 50-57. / https://gssrr.org/index.php/JournalOfBasicAndApplied | 2025 |
| 5 | **Gabriela Dimova**, M.K.Ilova, A.Gligorievski. | How Reliable Is Ultrasound for Detection and Follow Up on Breast Cancer Liver Metastases? | **DOI:** https://doi.org/10.3889/oamjms.2025.11984, *Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences ( OAMJMS, Vol. 13 No. 1 (2025): Mar 15, pp 14-18,* https://oamjms.eu/index.php/mjms/issue/view/251 | 2025 |

- Кандидатката д-р Габриела Димова има познавање и активно се служи со англискиот јазик.
- Способност за изведување на високообразовна дејност.

Д-р Габриела Димова како истакнат и афирмиран стручњак од пракса ги реализира вежбите по радиологија на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки во последните седум академски години.

**Посебни услови:**

Кандидатката д-р Габриела Димова, спец. радиолог, искуството во наставната работа го почнува во студиската 2011/2012 година како соработник во настава на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Во 2012 година работното искуство почнува да го гради како доктор на медицина во Клиничка болница – Штип, а од 2017 година како специјалист радиолог на Одделот за радиодијагностика при Клиничка болница - Штип. Од декември 2025 година работи како началник на Одделот за радиодијагностика при Клиничка болница - Штип.

Од септември 2024 г. е член на Првостепената комисија за боледување при Фондот за здравство на РСМ, ПЕ Штип.

Процесот на професионален развој ја определуваат д-р Габриела Димова како личност со високо развиени стручни вештини во полето на радиодијагностиката, па во таа смисла таа работи бројни процедури како неинвазивни така и инвазивни. Неинвазивните процедури се однесуваат на: ехотомографија на вратна регија - ехо на тироидна жлезда, плункови жлезди, како и регионални лимфни жлезди; ехотомографија на дојка со мамографија; ехотомографија на абдомен – паренхимни абдоминални органи, жолчно ќесе, абдоминална аорта; ехотомографија на уринарен тракт и тестиси; доплер сонографија на артериски крвни садови на долни екстремитети; доплер сонографија на венски крвни садови на долни екстремитети; компјутерска томографија; магнетна резонанца; класична радиодијагностика, а од

инвазивните процедури е единствен спец. радиолог во Клиничка болница кој работи Кор биопсија и аспирациона биопсија на дојка.

Кандидатката д-р Габриела Димова активно учествува и успешно завршува тренинзи, семинари, стручни состаноци, курсеви и обуки, како и студиски престој со цел унапредување на теориските и практични искуства и сознанија. Од бројните обуки, курсна концентрирана настава, тренинзи и семинари ги издвојуваме:

- Тренинг семинарот *Capacity building Programme for Young Medical Specialists* во рамките на проектот "Integration of European healthcare standards and innovations on the way for development of cross-border health cluster" Ref:CB006.1.31.017, Interreg-IPA CBC,CCI2014TC1615CB006 во Благоевград, Бугарија, 29-30 мај 2017 година;
- Курсот „*Teaching Course in Mammography – Detection and Diagnosis of Breast Diseases Using the Multimodality Approach Course*"from Laszlo Tabar, M.D., FACR (Hon), Professor emeritus, September 18-21, 2019 Belgrade;
- Стручниот состанок организиран од МАР (Македонската асоцијација на радиолози) на тема „Ургентни состојби во радиологијата - приказ на случаи од секојдневната пракса", Скопје, 24.2.2023 г., кој е акредитиран од Лекарската комора на РСМ со 6 бода;
- Курсот „*Колор доплер крвних судова екстремитета*" организиран од Поликлиника „Antamedica" во Белград, Србија. 8.5.2023-12.5.2023 година;
- Хоспитациско-апликативната работа во клиниката „МБАЛ - Уни хоспитал" ООД гр. Панаѓуриште, округ Софија, Бугарија, во периодот 1.7.2024-31.7.2024 година.

Кандидатката д-р Габриела Димова ја развива и унапредува високообразовната дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, пишување и објавување научни и стручни трудови, учества во научни конференции и проекти. Од друга страна учествува и во бројни работилници организирани од студентската организација на Факултетот за медицински науки, СОМА (Студентски организирана медицинска асоцијација) при Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со пленарни предавања и водење на работилници, од кои издвојуваме:

- работилницата на тема „Дијагностички методи за карцином на дојка", Штип, 25.10.2023 година;
- во работилницата како предавач на тема „Breast cancer awareness", 18.10.2024, Штип;
- предавач на семинарот „Телото зборува. Умот страда. Ајде да слушаме!" на тема „Улога на радиодијагностиката во поставување на дијагноза на карцином на дојка", одржан на 9.10.2025 г. во Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Габриела Димова наставно-образовната дејност ја почнува како соработник во настава на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, во студиската 2011/2012 година низ интензивна соработка со студентите во реализацијата на наставните активности во рамките на повеќе предметни програми во соработка со предметните наставници. Искуството како соработник во настава на Факултетот го продолжува и како специјалист радиолог од 2021/2022 година,

при што соработката со студентите и предметните наставници продолжува до денес.

Професионалниот раст и развој на д-р Габриела Димова е димензиониран и од аспект на научноистражувачката работа, преку учеството на научно-стручни собири во земјава и во странство и објавени публикации.

**СПИСОК**
**на објавени научни и стручни трудови**

1. **Габриела Димова (2014).** Современото воспитание и образование во контекст на градење здрав животен стил, зборник на трудови *Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи*, Штип, стр.20-25

Трудот третира прашања кои се однесуваат на здравјето, чување и негување на здрава личност преку поттикнување и градење на здрав животен стил како дел од современото образование и воспитание во заедницата денес.

2. **Габриела Димова (2015).** Здравственото воспитание и образование и формирањето на здравствена култура кај децата од предучилишна возраст, зборник на трудови *Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија*, Штип, стр.18-25

Во трудот авторот посебно внимание посветува на здравствената култура како дел од културата на живеење на секој поединец**.** Посебно е значајно што се повикува на определбите на СЗО за суштината на здравствената култура и тоа посебно на поставување на цврсти основи заради градење на здрава личност во физичка и ментална смисла истакнувајќи го предучилишниот период како најзначаен период од развојот на личноста.

3. **Габриела Димова (2016).** Здравствената едукација на родителите – тенденција на образованието денес, зборник на трудови *Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи*, Штип, стр.26-29

Современото образование денес особено ја истакнува улогата на родителите и нивната активна партиципација во целокупниот образовен процес. Формирање на здрава личност на детето не ги исклучува родителите ниту пак е грижа само на здравствените работници. Имајќи го тоа предвид, авторот инсистира на прашањето за градење здравствена култура на родителите како еден од многуте облици на нивна активна партиципација во образованието и воспитанието на своите деца.

4. M. Gacova, V. G.Timovska, **Gabriela Dimova, (2017).** Nealth education and health training, Proceedings *Modern education-conditions, challenges and perspectives*, Stip, pp.11-15

Трудот претставува слика на здравственото воспитание и образование кај нас. Имено, достапноста на информациите доведуваат до „здравствено образовани“ поединци, но не и „здравствено воспитани“. Впрочем образованието е во нераскинлив однос со воспитанието, па секој обид за сепарација на едно од друго води кон неуспех. Затоа трудот е одлично четиво за сите оние кои инсистираат на здравствено воспитание и образование истовремено.

5. Z.Sh.Markovska, I.R.Bushljetikj, V.Ristovska, L.Trajceska, Z. Janevski, N.Gjorgievski, J.Usprcov, A.C.Tanevska, **Gabriela Dimova** and G.Spasovski

**(2022).** Enterorrhagia presented in patient with granulomatosis and poliangitis - a case report *BANTAO Journal 2022; 20(1): 24-26.* достапно на https://www.bantaojournal.com/_files/ugd/356e34_48860692f7f441479d62fa1024e30606.pdf.

Трудот е приказ на случај на 50-годишен пациент со ANCA асоциран васулит кој како термин вклучува микроскопски полиангит, грануломатоза со полиангит и еозинофилна грануломатоза со полиангит. Грануломатозата се карактеризира со формирање на гранолуми и инфламација на мали крвни садови кои водат до дисфункција на органот. Гастроинтестиналното засегање како во случајов со појава на ентерорагија е ретко, но со лоша прогноза.

6. Shterjova-Markovska Z., Rambabova- Bushljetikj I., Ristovska V., Trajceska L., Usprcov J., **Dimova G.,** Gjorgjievski N., Canevska A., Janevski Z., Spasovski G. **(2023).** Enterorrhagia presenting in patient with granulomatosis with polyangitis - a case report, book abstract of 49th ESAO - IFAO Annual Congress Bergamo, Italy, from August 29th to September 1st, 2023, pp. 64-65

Трудот е приказ на случај на 50-годишен пациент со ANCA асоциран васулит кој како термин вклучува микроскопски полиангит, грануломатоза со полиангит и еозинофилна грануломатоза со полиангит. Грануломатозата се карактеризира со формирање на гранолуми и инфламација на мали крвни садови кои водат до дисфункција на органот. Гастроинтестиналното засегање како во случајов со појава на ентерорагија е ретко, но со лоша прогноза.

7. R. M. Runcheva, D. **G. Dimova**, K. A. Karpichrova (**2023**). A case of sternoclavicular osteoarhritis, posters abstracts p1152, book abstract of 2023 IOF-ESCEO World Congress on Osteoporosis, Osteoarthritis and Musculoskeletal Diseases in Barcelona, WCO-IOF-ESCEO May 4-7, 2023, pp.649-650

Овој case repost е приказ на стерноклавикуларен остеоартрит. Стерноклавикуларниот остеоартрит често е случаен наод на рентгенграфија без значителна клиничка манифестација, најчесто на доминантниот екстремитет. Но во некои случаи, како во презентираниот се манифестира со силна болка, дислокација и нестабилност на стерноклавикуларниот зглоб.

8. Z.Sh. Markovska, I.R.Bushljetikj, G.Severova, L.Trajceska, I.Nikolov, V.Karanfilovski, J.Usprcov, S.Filipovski, A.C.Taleska, **Gabriela Dimova**, N.Gjorgjievski and G. Spasovski **(2023).** Association of autosomal dominant polycystic kidney disease and abdominal aortic aneurysm - A Case Report, 01/23 BJ *BANTAO Journal 2023; 21(1): 23-27* https://www *.bantaojournal. com/_files/ ugd/ 356e34_48860692f7f441479d62fa1024e30606.pdf*

Трудот е приказ за пациент со докажана доминантна автозомна полицистична болест на бубрезите (ADPKD) со коморбидитет артеријална хипертензија и придружни нарушувања на сврзните ткива. Овие болести во комбинација со ADPKD го зголемуваат ризикот од аортална аневризма како екстраренална манифестација на болеста. Во случајов пациентот е со инфраренална сакуларна аневризма, на постконтрастните скенови со зони на течна колекција суспектна за хеморагија во организација без знаци за активна екстравазација на контраст.

9. **Gabriela Dimova**, V.Stojanova, G.T.Zahariev, S.Ivanovski, A.Ordev **(2023).** *Radiological findings on CT examinations during the evolution of pancreatitis from acute to necrotizing in correlation with autoimmune diseases,* 7th Macedonian National Congress of Radiology with International Participation 9-11 November 2023, Skopje, Macedonia

Пациентите со инфламаторна болест на цревата (IBD) каде улцерозниот колит е една од двете главни форми имаат 2-3 пати поголем ризик од панкреатит во споредба со останатата група на IBD пациенти. Ваквите сознанија се предмет на интерес во трудот низ случај за пациент со докажани коморбидитети улцеративен колит и миастениа гравис како предиспонирачки фактор за рапидна еволуција на акутен панкреатит во некротизирачки.

10. **Gabriela Dimova**, M. K.Ilova, A.Gligorievski, S.Ivanovski **(2024).** Do we really need triple phase computed tomography to detect and follow-up liver metastases of git(gastrointestinal tract) origin?, *International Medical Journal Medicus 2024, Vol. 29 (3):* 274-280, https://imjm.mk/medicus-xxix-3-2024/

Во овој труд е направено истражување со компјутерска томографија кај пациенти со докажан малигнитет на гастроинтестиналниот тракт и веќе развиени хепатални метастази. Направено е трифазно постконтрастно скенирање на КТ, при што е докажан 100% приказ на метастазите во венска фаза. Трудот наоѓа примена во секојдневната пракса на радиологот за монофазно скенирање при follow up на ваков тип на пациенти со цел да се заштитат од дополнителна јонизација.

11. **Gabriela Dimova**, A. Gligorievski, M. K.Ilova. **(2025).** US or CT when it Comes to Monitoring Hepatic Metastases in Patients with Primary GIT and Breast Cancer? Comparative Results of Sensitivity and Specificity of CT and US, *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR), Vol. 76 No. 1 (2025), 50-57. /* https://gssrr.org/index.php/JournalOfBasicAndApplied

Карциномот на дојка, како и карциномите со потекло од ГИТ, се голема, хетерогена група на болести со различна клиничка презентација, па оттука навремената дијагноза и следење на болеста е круцијална за целосниот менаџмент на истата. Идеалниот дијагностички пристап треба да овозможи висока сензитивност и специфичност, неинвазивност и достапност. Трудот прикажува студија на пациенти од горенаведените групи, следени на КТ и ултразвук во исто време, како и компаративна анализа на добиените резултати.

12. **Gabriela Dimova**, M.K.Ilova, A.Gligorievski. **(2025).**How Reliable Is Ultrasound for Detection and Follow Up on Breast Cancer Liver Metastases? DOI: https://doi.org/10.3889/oamjms.2025.11984, *Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences ( OAMJMS, Vol. 13 No. 1 (2025): Mar 15, pp 14-18,* https://oamjmseu/index.php/mjms//view/251

Трудот е дел од едно поголем и сеопфатно истражување и се однесува на серија од пациенти со докажан карцином на дојка и веќе развиени хепатални метастази следени на ултразвук, каде што е направена статистичка проценка за можноста на ординирачкиот онколог да се базира само на ултразвучниот наод.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Габриела Димова активно учествува на научни собири во земјава и во странство, самостојно и во коавторство. Од нив издвојуваме неколку и тоа:

- **Габриела Димова (2016).** Здравствената едукација на родителите – тенденција на образованието денес, четвртата конференција од меѓународен карактер *Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи*, Штип, мај 2016 год.

- M. Gacova, V. G.Timovska, **Gabriela Dimova, (2017).**Nealth education and health training, International Conference *Modern education-conditions, challenges and perspectives*, Stip.
- Kamceva, G., Karagozova, G., Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela (2020)** *Spontaneous pneumothorax in a patient with COVID 19*. In: International Symposium of Cardiovascular Imaging and COVID 19 experience in collaboration with EACVI Heart Imagers of Tomorrow. (Online)
- Kamceva, G.,Karagozova, G., Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela (2020)** *Spontaneous pneumomediastinum in an adult male with bilateral pneumonia. Complication of COVID-19 or not?* In: International Symposium of Cardiovascular Imaging and COVID 19 experience in collaboration with EACVI Heart Imagers of Tomorrow, 04-05 Oct 2020, Skopje, Macedonia. (Online)
- Kamceva, G., Karagozova, G., Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela (2020)** *False negative Covid-19 test in a patient with coronavirus infection symptoms.* In: International Symposium of Cardiovascular Imaging and COVID 19 experience in collaboration with EACVI Heart Imagers of Tomorrow, 04-05 Oct 2020, Skopje, Macedonia. (Online)
- Kamceva, G.,Dokuzova, S., **Dimova, Gabriela** and Jordanova, S., Serafimov, A., Jovev, M. (2021) *Intracardiac thrombi in a patients with acute abdomen.* In: Symposium with international participation "Highlights in Cardiovascular Diseases", 01-03 Oct 2021, Online
- R. M. Runcheva, D. **G. Dimova**, K. A. Karpichrova **(2023).** A case of sternoclavicular osteoarhritis, posters abstracts p1152, book abstract of 2023 IOF-ESCEO World Congress on Osteoporosis, Osteoarthritis and Musculoskeletal Diseases in Barcelona, WCO-IOF-ESCEO May 4-7, 2023, Barcelona, Spania.
- Shterjova-Markovska Z., Rambabova- Bushljetikj I., Ristovska V., Trajceska L., Usprcov J., **Dimova G.,** Gjorgjievski N., Canevska A., Janevski Z., Spasovski G. **(2023).** Enterorrhagia presenting in patient with granulomatosis with polyangitis- a case report , 49th ESAO - IFAO Annual Congress Bergamo, Italy, from August 29th to September 1st, 2023.
- **Gabriela Dimova**, V.Stojanova, G.T.Zahariev, S.Ivanovski, A.Ordev (**2023**). *Radiological findings on CT examinations during the evolution of pancreatitis from acute to necrotizing in correlation with autoimmune diseases,* 7th Macedonian National Congress of Radiology with International Participation 9-11 November 2023, Skopje, Macedonia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а по деталното разгледување на доставената документација, Рецензентската комисија со големо задоволство констатира дека д-р Габриела Димова го надмина вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звање насловен доцент остварувајќи вкупно 85.1 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката д-р Габриела Димова може да се заклучи дека во сите наведени дејности таа постигнала мошне значајни резултати. Д-р

Габриела Димова во научноистражувачката, стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност се афирмирала како солиден истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување, како од теориски така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на научно-стручни собири во земјава и во странство покажува дека кандидатката ја насочила својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата која треба да и биде доверена, но едновремено дала свој придонес за афирмација на теоријата и праксата и нивно унапредување кај нас. Професионалниот ангажман е силен мотив за потполна посветеност како несебичен, рефлексивен практичар во доменот на едукација на идните доктори на медицина. Тоа упатува на сознанието дека станува збор за формиран практичар, но и инспиративен и плоден млад истражувач.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатката и е на мислење дека таа ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Затоа, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Габриела Димова да ја избере во звањето насловен доцент за наставно-научната области анатомија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Доц. д-р Сања Маркова, насловен доцент, претседател, с.р.

Доц. д-р Тони Крстев, насловен доцент, член, с.р.

Проф. д-р Ценгис Јашар, насловен вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>*трудови: 5 и 8 =2x3=6x0.7=4.2*<br>*трудови: 10,11 и 12=3x9=27x1=27* | 9/6/3 | | | | 31.2 |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник<br>од трудови на научен собир<br>*труд 6=1x3x0.7=2.1*<br>*труд 7=1x3x1=3* | | | 1<br>1 | 2.1<br>3 | 5.1 |
| **9** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно),<br>концерт во земјава и во странство | | | 3 | 2 | 6 |
| **10** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| **11** | Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| **14** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти)<br>1x3=3 | | | 1 | 3 | 3 |
| **23** | Студиски престој во странство | | | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **67.3** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>*трудови:1,2,3=3x2=6x1.3=7.8*<br>*труд 4,9=2x2x1=4* | 5 | 2 | | | **11.8** |
| **7** | Пленарно предавање на стручен собир | 3 | 2 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **17.8** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **85.1** |